**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр.1103-187/10**

**Скопје, 27.07.2007 година**

**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Државен завод за геодетски работи (во понатамошниот текст ДЗГР), сметка за приходи остварени од самофинансирачки активности за 2006 година, кои се прикажани на страните 14 и 15.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија, согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија за 2002 година и издаден е извештај за финансиските извештаи на Државниот завод за геодетски работи, а за останатите години, кои `и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија, не е извршена ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Бисера Јакимовска – директор, до 29.08.2006 година,
   - Љупчо Георгиевски – директор, од 13.09.2006 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 13, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 01.03. до 18.05.2007 година, од страна на ревизорски тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. На ден 10.07.2007 година примени се забелешки по Претходниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2006 година на Државниот завод за геодетски работи, за сметката за приходи остварени од самофинансирачки активности, под бр. 18-7387/2 од 09.07.2007 година, од законскиот застапник – директорот Љупчо Георгиевски. Истите се разгледани, при што е одлучено следното:
    - За забелешките кои се однесуваат на наодите во точка 10.5.1. ал. 6 и 7, 10.5.2. ал. 3 и 10.5.2. ал. 7 од Претходниот извештај, ревизијата не доби релевантен и достатен ревизорски доказ, како основ за нивно прифаќање, поради што истите се одбиени.
    - На наодите во точките 10.1.1, 10.3.4, 10.3.5 ал 2, 10.5.2 ал 2 и 10.5.2. ал 8 од Претходниот извештај и точката 1.1. од Извештај за менаџерите, не се дадени забелешки односно истите се однесуваат на преземени мерки и активности по дадените препораки од ревизијата за отстранување на утврдените неправилности во извештајот.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2006 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

### 11.1. Неправилна примена на акти

11.1.1. Во ДЗГР нема воспоставено единствена база на податоци по доставените барања од странките (физички и правни лица), преку која би можело да се следи постапувањето по барањата од лицата одговорни за тоа во смисла на редоследно и навремено извршување на бараната услуга во рок не подолг од 3 дена, како што е уредено со чл. 109а од Законот за за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите. Исто така, ДЗГР `сеуште нема воспоставено систем на заштита на податоците преку спроведување, односно преземање на правни, организациони и технолошки постапки и мерки со кои се спречува нелегално прибирање, обработка, чување, користење или пренос на податоците, како и нелегално изнесување на податоците надвор од ДЗГР. За остварување на овие цели во чл 94-а од наведениот Закон предвидено е водењето на катастарот на недвижности во електронска форма (Електронски катастар) кој `сеуште не е воспоставен. Секторот за внатрешна контрола и информационо - технички работи, во чиј состав е одделението за внатрешна контрола и оцена на квалитет `сеуште не е оформено и не функционира, освен што е воспоставена бесплатна телефонска линија за жалби и поплаки од странките поради ненавремено постапување по нивните барања и долгото

чекање за решавање на предметите. Во вакви услови, при постапувањето по барањата од странките за добивање на податоци од катастарот и запишување на права на недвижности, постои можност од злоупотреба на службената положба.

11.1.2. Според извршената анализа од страна на Единицата за управување со проектот: Катастар на недвижности и регистрација на примени, решени и нерешени предмети по видови, во Секторот за премер и катастар на град Скопје и во 29-те подрачни одделенија, со состојба на 31.12.2005 и 31.12.2006 година утврден е голем број на нерешени предмети кои потекнуваат од 1994 па до 2006 година, за да на крајот на 2006 година достигнат број од 19.329 предмети. Најголем број се однесуваат во Секторот за премер и катастар во Скопје (11.986 предмети), а во 29-те подрачни одделенија заедно (7.343 предмети). Причината за ваквата состојба се објаснува со зголемениот број на предмети со осамостојувањето на РМ од 1990 година наваму, промена на законските прописи,трансформација на општествениот капитал, денационализацијата, приватизација со формирање на приватни геодетски фирми, немање на нови стручни кадри, несоодветни услови за работа, немање на доволна компјутерска опрема за работа, како и недоволното или несовесно работење на одделни лица кои се задолжени за решавање на предметите. За надминувањето на ваквата состојба не се преземени навремени и соодветни мерки преку воспоставување систем на интерни контроли, што придонело ДЗГР, која е единствена институција во РМ задолжена за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите, во изминатиот период да не ја извршува својата функција. Ваквата состојба на подолг рок предизвикала незадоволство кај клиентите и недефиниран имотен статус на недвижностите во државата.

11.1.3. Во тарифниците за висината на надоместоците кои се уплатуваат на сметка на ДЗГР не е дефиниран начинот на пресметка и плаќање на данокот на додадена вредност во цената на услугата, поради што се применува различен пристап при плаќањето во готово и преку фактура, што е спротивно на Законот за ДДВ. Имено, при пресметката и наплатата на ист вид на услуга, доколку се плати во готово не се пресметува ддв, додека при плаќање по фактура се додава ддв на цената на услугата. Ваквото работење на ДЗГР ги доведува во нерамноправна положба корисниците на нивните услуги и овозможува примена на несоодветна основица при пресметувањето на даночниот долг/побарување по аконтативните даночни пријави на ДЗГР.

**Препораки и мерки:**

1. Раководството на ДЗГР да преземе соодветни мерки за воспоставување единствена база на податоци преку воведување на Електронскиот катастар како би се обезбедило редоследно и навремено извршување на барањата на корисниците на услуги.
2. ДЗГР да воведе систем на интерни контроли кои ќе го обезбедат менаџментот од злоупотреби и грешки во процесот на извршување на надлежностите и ќе обезбедат поквалиетни и навремени услуги на корисниците.
3. ДЗГР во соработка со МФ – Управа за јавни приходи да преиспита кои услуги што ги дава ДЗГР подлежат на пресметување и плаќање на данок на додадена вредност, како и да се прецизира начинот и пресметката на обврската за данок на додадена вредност.

11.2. **Неправилна примена на сметководствени политики и начела**



*ул: "Маршал Тито" - 12/3* **Овластен Државен ревизор**
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311* ----------------------------

11.2.1. Во сметководствената евиденција на ДЗГР не постои разграничување на различните видови на приходи по аналитички сметки според цените во Тарифата и Трошковникот до 14.07.2006 година, односно според цените во Тарифниците после овој период, спротивно на Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници, поради што ревизијата не можеше да го потврди искажаниот износ на приходи врз основа на барањата и уплатите од субјектите во зависност од видот и цената на услугите што ги врши ДЗГР.

11.2.2. Не е извршен попис на побарувањата и обврските со состојба на 31.12.2006 година што е спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници што има за ефект нереално и необјективно искажување на позициите во финансиските извештаи.

**Препораки и мерки:**

1. Во сметководствената евиденција да се изврши разграничување на различните видови на приходи по аналитички сметки во зависност од видот и цената на услугите што ги врши ДЗГР.
2. Директорот на ДЗГР да формира комисија која во наредниот период ќе изврши попис на побарувањата и обврските согласно законските прописи.

11.3. **Неправилности во искажувањето на приходите и расходите**

11.3.1. Во сметководствената евиденција не се искажани побарувања од правни лица за извршени геодетски работи за посебни намени, поради неиздадени фактури, а за истите се изготвени проф/ри во 2005 и 2006 година по цени согласно Трошковникот на ДЗГР, врз основа на известувања од одделението за планирање, евалуација и евиденција, во вкупен износ од 33.594 илјади денари (2005 година во износ од 19.923 илјади денари и 2006 година во износ од 13.671 илјади денари). Мал дел од овие побарувања се и наплатени на сметка на ДЗГР во износ од 237 илјади денари, а не се евидентирани преку сметката за побарувања од купувачи. Резултатот од ваквата состојба е остварен помал приход поради нефактурирани побарувања и неможност за преземање мерки за наплата на истите, не е пресметан и платен ддв на државата, а потрошени се буџетски средства и средства од самофинансирачки активности за извршените геодетски работи.

11.3.2. Одговорните лица за извршување на геодетските работи не водат помошна евиденција и следење на реализација на договорите, ниту пак се врши внатрешна контрола во смисла на навремено фактурирање и наплата на услугите согласно договорите, што е спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и има за ефект помалку остварен приход, по основ на следните договори:

- договорот со АД Електростопанство на Македонија од 2002 година, по кој се врши фактурирање и во 2006 година по договорената цена од 2002 година;
- договорот со Министерство за одбрана од 1999 година, за кој не е назначено времетраењето на истиот, а предвидено е сукцесивно извршување на работите (не е утврден во договорот и не е даден на увид работен проект) и анекс на договорот од 1999 година во кој е предвиден аванс од 150.000 дем. За извршената геодетска работа во 2005 година изготвена е проф/ра од 29.03.2006 година во која е фактурирано 10% од цената на услугата односно 374 илјади денари,

наместо да се фактурира цел износ од 3.734 илјади денари, без никакво образложение, ниту законски основ за намалувањето;

- договорот со ЈП Македонска радиодифузија од 20.05.2004 година со рок на важење до 15.09.2004 година по кој во 2006 година се врши фактурирање по барања од нарачателот во 2005 година;
- ненавремено фактурирање на ЈП Комуналец, Битола во 10 месец 2006 година во износ од 1.461 илјади денари за извршен прием на геодетски елаборат на 7.09.2004 година, од кој се наплатени само 340 илјади денари, а за остатокот не е тужен.

11.3.3. Поради непостоење на контрола на доспевање за наплата и утужување на побарувањата, неизвршениот попис на побарувањата и неуредно и неажурно книговодство во секторот за финансово и материјално работење на ДЗГР, ревизијата констатира дека ненавремено се поднесуваат предлози за извршување до надлежен суд спротивно на Законот за облигациони односи поради што голем дел од утужените побарувања не можат да се наплатат поради застареност (предлозите за извршување се одбиени со решение од судот) што има за ефект помалку остварен приход. Утврдено е дека не се поднесени тужби до надлежен суд за ненаплатени побарувања од минати години во вкупен износ од 2.152 илјади денари, кај одделни субјекти неслагање на износите на побарувањата во доставените предлози за извршување до судот во однос на искажаните побарувања во сметководствената евиденција во износ од 503 илјади денари, како и неевидентирани побарувања во сметководствената евиденција за кои се поднесени тужби од страна на ДЗГР во износ од 370 илјади денари.

11.3.4. Ревизијата не доби уверување во можноста за целосно имплементирање на електронскиот катастарски систем, кој претставува потпроект во рамките на проектот: Катастар на недвижности и регистација – КНР, во функција на подобрување на условите и услугите за корисниците и создавање на услови за развој на пазар на недвижности, како и заштита на податоците и спречување на девијантни појави, корупција и конфликт на интереси, а со тоа и во оправданоста на досега платените рати по договорот за лиценцирање од 2003 година склучен помеѓу ДЗГР и Норвешки развој на регистри (НРД) кои заклучно со 31.12.2006 година изнесуваат вкупно 11.796 илјади денари, поради следното:

- Набавката на лиценца за развој и имплементација на интегриран електронски катастар на недвижности во 2003 година во вредност од 2.054.400 еур е спроведена по пат на непосредно спогодување, спротивно на Законот за јавни набавки, наместо да се спроведе постапка на меѓународен тендер.
- Во прилог на претходно наведеното е и неиздавањето на гаранција од страна на Владата на РМ по доставеното барање за финансирање на проектот од МИГА во 2004 година. Со издавањето на гаранција Владата на РМ би имала евентуална обврска да подмири неплатени обврски на ДЗГР кон НРД, доколку ДЗГР не ги подмири навремено обврските кон НРД.
- Договорот за лиценцирање е склучен на истиот ден кога е донесена и одлуката за набавка (6.11.2003 година) пред да се потпише системската спецификација, во која би биле специфицирани видот и количината на опремата и видот и бројот на лиценци што се добиваат (понуда со вид и количина на опрема) која е основен документ пред секој тендер и



*ул: "Маршал Тито" - 12/3* *Овластен Државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311* ----------------------------

договор, кој ќе ги содржи сите потреби и барања за целосен систем и врз основа на кој ќе може да се следи извршеното во однос на договореното.

- `Се уште не може да се утврди дали она што било предвидено со физибилити студијата, која била потврдена и која би обезбедила целосно имплементирање на системот, е вклучено во системската спецификација која е изработена покасно (3 модула во период од 3 до 10 месеци) по склучување на договорите.
- Во договорот за лиценцирање нема финансиски показатели за вредноста на лиценцата и вредноста на опремата односно во прилог Б е наведен само начинот на плаќање на ратите квартално при што првата отплата е 3 месеци по датумот на прифаќање, а не содржи вредност на лиценца, вредност на опремата (хардвер и софтвер) која се добива со лиценцата, односно разграничување во рамките на 2.025.400 еур, ниту пак ова го содржи договорот за развој и имплементација и системските спецификации накнадно изготвени. Исто така, договорот на англиски и македонски јазик не се идентични во однос на спецификацијата на валутата во кој ќе се плаќаат ратите (во договорот на англиски јазик не е наведена валутата, а во договорот на македонски јазик плаќањата по квартали се изразени во евра).
- Договорот за лиценцирање ги штити главно правата на давателот на лиценцата (продавачот) со тоа што го дава само правото на користење на производот, а во случај на прекршување на обврските на корисникот на лиценцата (ДЗГР) со неплаќање на само една рата на надоместокот, по истекот на 10 дена од известувањето, НРД АС Осло може веднаш да го раскине и да ги повлече сите примероци од производот и документацијата и целата испорачана опрема.
- Гаранцијата од 1 година е веќе истечена на опремата што е примена, а дел од истата и не е ставена во функција, а гарантниот период на финалниот системски производ по договорот за лиценцирање почнува по финалната испорака на сите три системски модули, односно од 10.01.2005 година, што значи завршила на 10.01.2006 година.
- Не е испочитуван рокот на финална испорака 3.11.2004 година.
- На 10.01.2005 година потпишан е протокол за финална испорака на модул 3 од директорот на ДЗГР без да се изврши тестирање со што неосновано овозможил плаќање на надомест за лиценца за систем кој `сеуште не е во функција, освен пилот проектот во Куманово. Изготвена е информација од работната група доставена до директорот од 30.09.2005 год дека модул 3 не е применлив за имплементација.
- плаќањето се врши на фирмата Експортфинанс АСА Осло, Норвешка која воопшто не е спомната во договорот за лиценцирање, а директорот на 22.03.2004 година прифатил и потпишал документ за плаќање на оваа фирма.
- НРД АС Осло (фирмата со која е склучен договор за лиценцирање и договор за развој и имплементација) не постои како фирма од 20.01.2005, односно 23.04.2005 година (на 20.01.2005 година преименувана во Доминиканск Фордринг АС, на 23.04.2005 година во ликвидација и на 31 октомври 2005 година избришана од регистарот на трговски друштва во Норвешка.
- Во меѓувреме на 5 март 2005 година директорот на ДЗГР потпишува договор со НРД АС Осло (Доминканск Фордринг АС) за пренос на правата и обврските на Манор, ДООЕЛ Скопје, која е во целосна сопственост на НРД. За имплементација на електронскиот катастарски систем НРД има склучено договор за основачки заем со својата ќерка

компанија во РМ – Манор ДООЕЛ Скопје, која е формирана од страна на НРД.

- Сите промени во врска со статусот на фирмите НРД и Манор ДООЕЛ Скопје се случувале во 2005 година, при што Манор како фирма ќерка на НРД незаконски работела поради ликвидацијата на НРД, а испораката на опремата се вршела преку Ултра ДОО Скопје.
- Сите претходно наведени активности се преземени од страна на директорот на ДЗГР, овластен потписник до 28.09.2006 година, врз основа на документацијата која е потпишана од нејзина страна.
- На 24.07.2006 година во информацијата до директорот за прелиминарните тестирања на системот за Е - катастарот е наведено дека по консултација со Манор, ДООЕЛ Скопје било кажано дека системското излагање, устројувањето на евиденцијата за излагање на јавен увид и катастарот на земјиште не се воопшто опфатени со софтверот, а со самото тоа и со тестирањето. Работната група смета дека тоа е огромен недостаток на системот со оглед на фактот дека на 55% од територијата на РМ постои катастар на земјиште кој треба електронски да се одржува, а за преостанатиот дел треба да се врши системско излагање со цел востановување на катастар на недвижности на територијата на РМ.

Како резултат на склучен договор без системска спецификација која би одговарала на физибилити студијата што била предмет на разгледување и која обезбедувала имплементација и функционирање на целосен систем на Е - катастар, а врз основа на согледувања на база на презентираната документација може да се случи ДЗГР да мора да плати 2.054.000 еур на Експортфинанс, по судски спор и камата за ненавремено исплата на ратите, меѓутоа за овие пари да добие некомплетен електронски катастар кој не ќе може да се имплементира, што е и докажано со извештајот од стручниот консултант и работните групи кои ги спроведувале тестирањата, а за да се стави во функција целиот систем ќе бидат потребни дополнителни средства.

11.3.5. Ревизијата не можеше да се увери во реалноста и објективноста на искажаните расходи во ДЗГР поради непостоење на соодветна поткрепувачка документација, за следните видови на расходи:

- Расходи за потрошено гориво во износ од 3.062 илјади денари, врз основа на сметки за гориво, при што за користење на возилата не се изготвуваат налози за користење на службени возила поради што ревизијата не можеше да се увери дали направените трошоци за гориво се направени за обавување на службени потреби или за лични цели. Според прегледот на возила ДЗГР располага со 114 возила за кои, за дел од возилата се издадени реверси, од кои поголем дел се застарени односно не одговараат на вистинската состојба (не е извршен пренос од едно на друго лице), а за 30 возила воопшто нема реверси поради што не се знае кој и за што ги користи.
- Расходи за поправка на возила во износ од 951 илјади денари по фактури од МИ – ДА Лада и МИ – ДА Моторс, Скопје за поправки и сервисирање на службените возила на ДЗГР во кои се фактурирани делови (со количина и цена) кои се заменети при поправката и работна рака без наведени потрошени работни часови, односно не е применета понудената и договорена цена по норма час. Нема интерно упатство за начинот и постапката на спроведување на потребата од поправка и сервисирање на возилата и лицата кои се задолжени за возилата. Кон фактурите приложени се работни налози на кои на местото корисник на



ул: “Маршал Тито” - 12/3
Палата Македонија - Скопје
тел:3211-262, факс:3126-311

услуга потпишани се различни лица, без посебно потпишан налог, пред да се изврши поправка на возилото, за одобрување на замена на делови од овластено лице од ДЗГР спротивно на договорот. Во 2006 година има набавка на резервни делови за лада возилата од Номинал, Скопје во вкупен износ од 233 илјади денари, а во ДЗГР е вработен автомеханичар кој е задолжен за поправка на возилата.

- Дел од корисниците на катастарски и геодетски услуги, поднесуваат дополнителни барања до Секторот за премер и катастар – Скопје за повлекување на претходните барања за вршење на геодетски услуги за нивни потреби, вклучувајќи и поврат на уплатените средства. За оваа намена, во 2006 година се исплатени во готово 156 илјади денари на барателите на услугите. Со оглед дека наведената практика продолжува и во 2007 година со поголем интензитет, ДЗГР се соочува со непредвидени и нестабилни трошоци. Дел од доставените барања за поврат на средства се со постар датум, што укажува дека ДЗГР има долготрајна постапка за извршување на геодетските услуги. Поради невоспоставениот систем на електронска евиденција на извршените услуги, ревизијата не можеше да се увери дали повратот на средства кореспондира само со неизвршените геодетски услуги, за што постои веројатност и за злоупотреба на средствата.
- Во текот на 2006 година ангажирани се 57 лица преку агенции за привремени вработувања поради зголемен обем на работа, за кои се исплатени средства во вкупен износ од 10.988 илјади денари. И покрај големиот број на непополнети работни места**,** ревизијата не можеше целосно да се увери дека привремените вработувања се остваруваат според описот на работните задачи и потребниот број на позиции според актот за систематизација.
- Исплатени се средства за патни расходи во износ од 588 илјади денари по патни налози за службени патувања во земјата, врз основа на потврда од превозник за цената на автобускиот билет, без приложени автобуски карти со кои би се утврдил основот на направените трошоци и самото патување.

Сите горенаведени состојби упатуваат на необезбедениот систем на интерни контроли кај расходите што може да доведе до несовесно користење и злоупотреба на средствата од страна на лицата вработени во државниот орган.

**Препораки и мерки:**

1. Внатрешната ревизија или комисија формирана од страна на директорот на ДЗГР да ги испита причините кои довеле до нефактурирање и неевидентирање на побарувањата од правни лица за извршени геодетски работи, а против одговорните лица да се преземат соодветни мерки, како и да се провери дали вакви случаи имало и во претходните години.
2. Внатрешната ревизија или комисија формирана од страна на директорот на ДЗГР да ги преиспита сите договори во поглед на важноста и обврските кои произлегуваат од нив, дали истите се реализирани и во колкав обем, дали е извршено целосно и навремено фактурирање согласно извршените работи, да се испитаат причините, а против одговорните лица да се преземат мерки доколку се утврдат неправилности, да се воведе помошна евиденција за следење на реализацијата на договорите и контрола во смисла на навремено фактурирање и наплата на услугите согласно договорите и поднесените барања, како и навремено преземање на мерки пред надлежен суд во случај на доцнење на наплатата.

3. Одговорните лица во секторот за финансово и материјално работење во сметководствената евиденција да ги евидентираат побарувањата по издадени фактури врз основа на издадените профактури за извршените услуги на субјектите – баратели на услуги од страна на ДЗГР.
4. Внатрешната ревизија или комисија формирана од страна на директорот на ДЗГР да ги испитаат причините кои довеле до неимплементирање на електронскиот катастар, а против одговорните лица да се преземат соодветни мерки.
5. Одговорните лица во ДЗГР да воведат евиденција за издавање на патни налози за користење на возилата за службени цели, да се издадат реверси за задолжување на лицата кои ги користат возилата и да се врши контрола на потрошокот на гориво врз основа на поминатата километража на возилата.
6. Да се воспостават постапки и процедури од страна на директорот во соработка со стручните служби и внатрешната ревизија преку кои ќе се потврди потребата за поправка и сервисирање (иницирањето), нејзиното одобрување и извршување на услугата.
7. Со цел да се заштити од можни злоупотреби, директорот на ДЗГР во соработка со стручните служби и внатрешната ревизија треба да утврди процедура со која ќе се дефинира, во кои случаи може да се остварува правото на поврат на средства и во која временска рамка. Поради формирањето на приватна геодетска практика, информативните точки во Секторот за премер и катастар на град Скопје и во подрачните одделенија на ДЗГР треба да ги советуваат корисниците за разграничувањето на услугите кои ги врши ДЗГР и оние кои се во надлежност на ТД за геодетски работи. На тој начин, ќе се намалат трошоците за администрирање на дел од барањата, како и бројот на дополнително поднесени барања за поврат на средства.
8. Поради значителниот број на непополнети работни места, директорот на ДЗГР во соработка со стручните служби и внатрешната ревизија треба да го ревидира актот за систематизација, затоа што недобивањето согласности од Министерството за финансии за вработувања, го доведува во прашање ефикасното остварување на целите на институцијата и конкретниот проект. Привремените вработувања не секогаш обезбедуваат еднаков работен учинок и компетенции, како во случајот, кога работните места би биле пополнети со лица во редовен работен однос.
9. Во наредниот период одговорните лица во секторот за финансово и материјално работење да вршат исплати на дневници и патни расходи по патни налози, врз основа на комплетна и веродостојна документација.

11.4. **Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба:**

11.4.1. Во 2005 и 2006 година потрошени се средства за надградба на софтвер набавен во мај 2000 година и надградба на добиен софтвер во мај 2002 година во вид на донација од производителот ЕСРИ, од Калифорнија, САД, по договор за годишно одржување од 2005 година со фирмата ГИС ДАТА, ДООЕЛ Скопје на вкупен износ од 2.061 илјади денари, при што во сметководствената евиденција набавените софтвери не се евидентирани на нематеријални средства, ниту пак надградбата на истите, што влијае на објективноста и реалноста на искажаните позиции во Билансот на состојба. Ревизијата не дава исправка од причина што не е утврдена вредноста на поединечните софтвери од мај 2000 и 2002 година и не е разграничено колку изнесува вредноста на надградбата на поединечните софтвери.

**Препораки и мерки:**



*ул: "Маршал Тито" - 12/3* *Овластен Државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311* ----------------------------

1. Одговорните лица во секторот за финансово и материјално работење во соработка со секторот за катастарски информационен систем да ја утврди поединечната вредност на софтверите заедно со надградбата и истите да се евидентираат на нематеријални средства во сметководствената евиденција и во книгата на основни средства.

11.5. **Ненаменско и незаконско користење на средствата**

11.5.1. Направени се расходи без претходно обезбедени средства со буџетот/финансискиот план и спротивно на законските прописи во следните случаи:

- Со извршената споредба на планираните и одобрени средства од Буџетот на РМ во однос на потрошените средства по ставки и подставки кај сметката за приходи остварени од самофинансирачки активности, утврдени се случаи на ненаменско користење на средствата во вкупен износ од 578 илјади денари, кај следните ставки:
    - ситен инвентар, алат и други материјали во износ од 86 илјади денари,
    - поправка и тековно одржување во износ од 149 илјади денари,
    - договорни услуги во износ од 81 илјади денари,
    - во рамките на ставка договорни услуги во 2006 година исплатени се средства за набавка на материјали (обвивки) и за платена царина и други увозни давачки за набавени фотоскици и геодетска опрема во 2005 година во вкупен износ од 262 илјади денари, наместо од ставката ситен инвентар, алат и други материјали за поправка и од ставката купување на мебел, опрема, возила и машини.

  Прелевањето на средства од ставка во ставка без согласност на Министерството за финансии и соодветна одлука на Владата на РМ е ненаменско трошење на средствата.
- Незаконски се извршени исплати на дневници за службени патувања во земјата, во вкупен износ од 541 илјади денари, без никаков доказ дека патувањето е извршено (нема прилог на документација: патарини, автобуски карти), нема детален извештај за извршените работи. Патните налози се изготвени за подолг период (10 дена), потпишани од раководител на подрачно одделение и лицето што патува, спротивно на законските прописи.
- Незаконски се извршени исплати на дневници за службени патувања во земјата во поголем износ за 60 илјади денари, за патувања до 12 часа по цена од 800,00 ден наместо 50% од дневницата, спротивно на законските прописи.
- Во текот на 2006 година вршени се исплати на аванси за службени патувања во земјата и странство и аванси за гориво на вработените кои ненавремено се раздолжуваат со што се овозможува времено финансирање на поединци, а одделни аванси се раздолжени и несоодветно (аванси за гориво со сметки за материјални трошоци спротивно на писменото известување од директорот, со што се избегнува и процедурата за набавки од мала вредност). Раководителот на одделението за финансиско и материјално работење не изготвува месечни извештаи за неоправданите средства на вработените до 15-ти во месецот за претходниот месец. Поради наведеното салдото на дадени аванси на 31.12.2006 година изнесува 777 илјади денари, од кое дел во износ од 247 илјади денари произлегува од нераздолжени аванси од минати години.

- Незаконски исплатени средства во поголем износ за 172 илјади денари (3.712,00 усд) за службен пат во странство на вработени лица при што, спротивно на Уредбата за издатоците за службени патувања и селидби во странство што на органите на Управата им се признаваат во тековни трошоци, исплатени се дневници во висина од 20% наместо во висина од 5% за патување (тренинг обука) кое траело подолго од 30 дена.
- Ненаменски и незаконски потрошени средства за сервисирање на возило под гарантен рок во 2006 година во износ од 76 илјади денари, чија обврска за комплетен сервис во гарантниот рок од 2 години е на терет на добавувачот од кој е набавено согласно договорот од 2004 година.
- Ненаменски и незаконски потрошени средства за услуги: мерење на проток и притисок на хидрантска мрежа и сервисирање и одржување на ПП централа за дојава на пожар, во вкупен износ од 160 илјади денари, кои не се договорени ниту по цена ниту по количина, а за извршените услуги нема работни налози за потврда на извршените работи од овластено лице на ДЗГР, спротивно на чл 5 од договорите.
- Ненаменски и незаконски потрошени средства за полнење на ПП апарати и испитување на громобранска инсталација и заштитно заземјување во објектите, во вкупен износ од 219 илјади денари, по фактури без прилог на работни налози, а фактурирани се услуги и делови кои вооопшто не се предвидени со тендерот и не се договорени.
- Ненаменски и незаконски потрошени средства за поправка и дислокација на фотограметрискиот инструмент во износ од 134 илјади денари, бидејќи истиот е поправен и дислоциран на место без соодветни услови (просторија и температура) поради што истиот не функционира, иако е потребен за решавање на предметите за вештачење, а за повторно ставање во функција, доколку е можно да се поправи, ќе бидат потребни дополнителни средства.

**Препораки и мерки:**

1. Одговорните лица во ДЗГР да преземат соодветни мерки за примена на Законот за буџетите во однос на наменското и законско користење на средствата согласно одобрениот буџет на Државен завод за геодетски работи.
2. Во ДЗГР да се воспостави ефикасен и редовен систем на интерни контроли со цел да се избегнат односно сведат на најмал можен степен случаите на незаконско и ненаменско трошење на средствата.
3. Да се изврши проверка на сите ненаменски исплати (аванси и други исплати) на вработените лица и да се задолжат истите да ги вратат средствата во Буџетот на РМ.

11.5.2. Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки

Во врска со примената на Законот за јавни набавки ревизијата утврди одредени неправилности во спроведувањето на постапките при набавката на материјали и користење на услуги од повеќе добавувачи, во однос на обезбедување критериуми за избор на најповолен понудувач, а кои се однесуваат на следното:

- Изготвувањето на планот за јавни набавки и самите набавки на одделни материјали не се врши согласно реалните потреби и залихата во магацин за што се утврдени случаи на набавки на материјали кои во магацинот ги имало на залиха.
- Во текот на 2005 и 2006 година набавувани се материјали (имотни и поседовни листови) со несоодветен квалитет и количини утврдени со договорот, а кои се од големо значење за редовното работење на подрачните единици низ Републиката. Ваквата состојба е потврдена со



*ул: “Маршал Тито” - 12/3* **Овластен Државен ревизор**
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311* ----------------------------

честите писмени барања од страна на магационерот до директорот на ДЗГР со укажување дека може да дојде до застој на работата. Ова значи дека изборот на добавувачот не е соодветен и не ги исполнува обврските предвидени со договорот.

- Во 2007 година извршени се плаќања по фактури за испорачани стоки или извршени услуги во 2007 година од одделни добавувачи, врз основа на склучените договори од 2006 година, кои важат за извршени набавки или услуги заклучно со 31.12.2006 година, во вкупен износ од 1.119 илјади денари што е спротивно на Законот за јавни набавки.
- ДЗГР не спровела постапка за јавни набавки на услугата за сервисирање на возила согласно законските прописи од причина што при објавата на тендерот со тендерската спецификација не обезбедила понуди од добавувачи со цени на деловите кои во вкупната вредност на поправката имаат најголемо учество (учествуваат со 80 – 90 %), туку само цена по норма час. На ваков начин субјектот не обезбедил најповолна понуда за потребата од поправка на службените возила. Во фактурите од избраните понудувачи и во работните налози не се наведени бројот на часови потрошени за поправката, а вредноста на услугата – работната рака различно е фактурирана, додека пак цената на деловите воопшто и не е договорена, поради што добавувачот може самостојно да ги определи. Вкупно потрошените средства во 2006 год за поправка и сервисирање на службените возила изнесуваат 910 илјади денари.
- Исто така во договорите што се склучени со фирмите за поправка и сервисирање на опрема се наведени само цената по час (за работна рака), а не и цената на резервните делови што ќе се вградуваат. Вкупно потрошени средства во 2006 година за оваа намена (поправка и одржување на компјутерска опрема и принтери, плотери, фотокопири, клима уреди и сл.) изнесуваат 604 илјади денари. Нема задолжено лице за контрола на фактурите за извршени услуги во однос на тоа дали цените што се фактурирани одговараат на понудените и договорените.
- Во извештајот за евалуација фирмата Неоком, АД Скопје, е избрана за најповолен понудувач за сервисирање на компјутери, при што неосновано и се дадени поголем број на бодови во однос на Паком Компани, ДОО Скопје, а при изборот за сервис на принтери има помал број на бодови во однос на ДДС Компјутери и е второрангиран од самата комисија. Исто така, склучен е договор на вкупна вредност на услугата од 300 илјади денари до крајот на годината без да се наведе цената по работен час.
- Во 2005 година склучен е договор за одржување и надградба на постоечкиот софтвер со најнови верзии на софтверот, според понудата од ГИС ДАТА од 12 јули 2005 година на вкупен износ од 2.061 илјади денари за што нема обезбедено согласност од Бирото за јавни набавки за вкупниот износ, туку само за 960 илјади денари, спротивно на чл 84 ст 1, 2, 3 и 4 од Законот за јавни набавки.
- Во постапката за јавна набавка со преговарање согласно чл 66 и 67 ст 1 ал 1 од од Законот, склучен е договор со фирмата Астра Мак, ДООЕЛ Скопје на вкупна вредност од 300 илјади денари, без утврдена цена за сервисната услуга (цена по норма час, цена по повик и цена по месечен паушал, како што е предвидено во објавата на тендерот, и доколку има потреба од замена на делови да се даде и цена на резервните делови), со што се остава можност на субјектот цените самостојно да ги определува. Вакви договори со истата фирма се склучувале и во претходните години.
- Објавата на повикот за одделни јавни набавки е извршена во повеќе дневни весници, со што неосновано е овозможено трошење на повеќе средства, имајќи го предвид чл 30 од Законот за јавни набавки во кој е кажано дека набавувачот јавниот повик задолжително го објавува во

Службен весник на РМ и на веб страницата на Бирото за јавни набавки. Вкупно потрошени средства во 2006 година за објава на повик за набавки во дневни весници изнесува 582 илјади денари, а објавата во Сл. весник на РМ за овие набавки изнесува 176 илјади денари, што упатува на неекономично трошење на средства.

Непочитувањето на одредбите од Законот за јавни набавки може да има за последица примена на необјективни критериуми за избор на најповолен добавувач, нетранспарентност при склучувањето на договорите и повластена положба на одредени добавувачи.

**Препораки и мерки:**

1. Одговорните лица во ДЗГР да преземат соодветни мерки за доследно почитување на одредбите од Законот за јавни набавки и интерните акти на државниот орган со кои е уреден начинот за сите видови набавки, а набавките да ги извршуваат во рамките утврдени со Одлуката за потреба од јавна набавка.

12. Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 11.2, 11.3 и 11.4. ние не изразуваме мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи на ДЗГР - сметка за приходи остварени од самофинансирачки активности, под 31.12.2006 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 11.5. кај ДЗГР – сметка за приходи остварени од самофинансирачки активности не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2006 година.

14. Ревизијата има обврска да истакне дека `сеуште не се спроведени препораките за отстранување на констатираните неправилности по извештајот за ревизија на реализацијата на договорот за развој и имплементација на електронскиот катастарски систем и на договорот за зајакнување на институционалните капацитети во ДЗГР, изготвен од одделението за централната внатрешна ревизија при МФ во декември 2006 година.

**Скопје, 27.07.2007 година** **Овластен државен ревизор**



***ул: "Маршал Тито" - 12/3***
***Палата Македонија - Скопје***
***тел:3211-262, факс:3126-311***

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2006 | 2005 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 124.252 | 71.014 |
| Трансфери и донации | 0 | 11.130 |
| **Вкупно приходи** | **124.252** | **82.144** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 74.374 | 62.318 |
| **Вкупно тековни расходи** | **74.374** | **62.318** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 12.687 | 13.803 |
| **Вкупно капитални расходи** | **12.687** | **13.803** |
| **Вкупно расходи** | **87.061** | **76.121** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **37.191** | **6.023** |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред оданочување** | **5.681** | **1.312** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **31.510** | **4.711** |
| **Рапоредување на вишокот на приходи - добивката** | | |
| Дел од нето вишокот на приходи за пренос во наредна година | 31.510 | 4.711 |
| **Вкупно распоред на вишок на приходи** | **31.510** | **4.711** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2006 | 2005 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 35.784 | 3.594 |
| Побарувања | 13.261 | 12.770 |
| Побарувања од вработените | 777 | 353 |
| Побарувања од државата и други институции | 15 | 1.273 |
| Активни временски разграничувања | 7.271 | 3.500 |
| **Вкупно тековни средства** | **57.108** | **21.490** |
| **Вкупна актива** | **57.108** | **21.490** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 5.941 | 3.333 |
| Обврски спрема државата и други институции | 1.477 | 17 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 4.221 | 217 |
| Пасивни временски разграничувања | 45.469 | 17.923 |
| **Вкупно тековни обврски** | **57.108** | **21.490** |
| **Вкупна пасива** | **57.108** | **21.490** |

***РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***
***ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА***
***Бр. 1105-187/18***
***Скопје, 10.09.2007 година***

Врз основа на член 23 став 6, 7 и 8 од Законот за државна ревизија ("Сл. весник на РМ" бр. 65/97…70/06) и добиен Приговор по Конечен Извештај за извршена ревизија на Државниот завод за геодетски работи за 2006 година, бр. 18-7387/4 од 27.08.2007 година, Главниот државен ревизор на Државниот завод за ревизија го донесува следното

## ***Р Е Ш Е Н И Е***

***по поднесен приговор на Конечен извештај***

**1.** Приговорот на наодите во точка 11.1.1, 11.3.4, 11.3.5. ал 2, 11.5.1, ал 6 и 7, 11.5.2. ал 2, 3, 7 и 8 од Конечниот Извештај за извршената ревизија на Државниот завод за геодетски работи за 2006 година – сметка за приходи од самофинансирачки активности, **<u>не се прифаќа</u>**.

**2.** Решението по доставениот приговор на конечниот извештај претставува прилог на конечниот извештај и интегрално се интерпретира во годишниот извештај.

**3.** Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

***О б р а з л о ж е н и е,***

Против конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на Државниот завод за геодетски работи за 2006 година поднесен е приговор бр. 18-7387/4 од 27.08.2007 година.

Образложението за неприфаќање на одделни точки од приговорот е следното:

1. На наодите во точка 11.1.1. и 11.3.4. од Конечниот извештај, а кои се однесуваат на невоспоставена единствена база на податоци по доставените барања од странките (физички и правни лица) со цел за редоследно и навремено извршување на бараната услуга во рок не подолг од 3 дена, согласно Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите, при што за остварување на овие цели `сеуште не е воспоставен Е-катастар, **не е даден приговор**, туку превземени се активности од страна на директорот преку усвојување на ИТ стратегија за воспоставување на електронска база на податоци, а проектот Е-катастар е стопиран поради неисполнување на договорените услови од страна на добавувачот. Во прилог на документацијата доставено е и известување до Владата на РМ бр 03-5524/4 од 24.07.2007 година за продолжување со исплатите по договорот, што не влијае на промена на наодот.

2. На наодот во точка 11.3.5. ал. 2 од Конечниот извештај, а кој се однесува на неувереност во објективноста и реалноста на расходите за поправка на возила во износ од 951 илјади денари поради утврдени отстапувања помеѓу договорените и фактурираните услуги по норма час, **не е даден приговор**, туку несоодветно појаснување за причината на ваквата состојба која упатува на честа промена на актот за систематизација.

3. Приговорот на наодот во точка 11.5.1. ал. 8 од Конечниот извештај, а кој се однесува на ненаменски и незаконски потрошени средства за полнење на ПП апарати и испитување на громобранска инсталација и заштитно заземјување во објектите во вкупен износ од 219 илјади денари, **не се прифаќа**, од причини што образложението и доставената документација (извештаи и записници) не е е соодветна идоволна да го смени наодот во извештајот.

4. На наодот во точка 11.5.2 ал 2 од Конечниот извештај, а кој се однесува на набавки на материјали (имотни и поседовни листови) во текот на 2005 и 2006 година со несоодветен квалитет и количини утврдени со договорот, **не е даден приговор**, односно во месец јули 2007 година изготвен е записник за состојбата со Печатница 11 Октомври од Прилеп со повратница и записник за примопредавање на материјали, што значи превземени активности за расчистување на состојбата.

5. Приговорот на наодот во точка 11.5.2 ал. 3 од Конечниот извештај, кој се однесува на неосновано извршени плаќања во износ од 1.119 илјади денари, без испорачани стоки и услуги и склучени договори, **не се прифаќа**, од причина што не се доставени нови материјални докази кои ќе ги оправдаат плаќањата дека се однесуваат за извршени услуги во ревидираната 2006 година. Забелешките се несоодветни и се однесуваат на потврдени состојби во текот на ревизијата.

6. Приговорот на наодот во точка 11.5.2 ал. 7 од Конечниот извештај, кој се однесува на склучен договор за одржување и надградба на постоечкиот софтвер со најнови верзии на софтверот во 2005 година на вкупен износ од 2.061 илјади денари, кој нема обезбедено согласност од Бирото за јавни набавки за износ од 1,101 илјади денари, **не се прифаќа**, од причина што оваа исплата во 2006 година се заснова на накнадно изготвено решение за јавни набавки, потврда и согласност по веќе склучен договор од 2005 година.

7. На наодот во точка 11.5.2 ал. 8 од Конечниот извештај, а кој се однесува на објавен повик за одделни јавни набавки извршен во повеќе дневни весници за кој не постои законска обврска, **не е даден приговор**, туку прифаќање на наодот со обврска дека во иднина доследно ќе се почитува Законот за јавни набавки.

На крајот на приговорот е кажано дека директорот на Државниот завод за геодетски работи ќе превземе мерки за изготвување на акциониот план за имплементирање на препораките од конечниот извештај кој ќе биде доставен до Државниот завод за ревизија откако ќе го примат конечниот ревизорски извештај.
Известувањето за постапување по препораките на ревизијата е посебна постапка предвидена со Законот за државна ревизија, која не се вклучува во постапката на одлучување по приговор од страна на Главниот државен ревизор. Истата е предмет на анализа и обработка за други цели.

Согласно горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Скопје, 10.09.2007 година** **Главен државен ревизор,**

**Д-р Драгољуб Арсовски**